РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1702/2
27.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 6. Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 9.4.2026 година**

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /.

На седницата беше присутен и д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, Димитар Тануров, м-р Ружица Б.Јотевска, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 6. Јавна седница на Советот. Седницата почна во 15:30 часот и се одржа преку видеоконференциска врска. Објасни дека оваа седница е закажана и е наменета за образложение од страна на радиодифузерот во врска со причините што довеле до тоа да му биде покрената постапка за одземање на дозволата. Тој додаде дека во меѓувреме радиодифузерот во целост го уплатил износот по основ на годишниот надоместок, со што се исполнети законските услови до Советот да се достави предлог за запирање на постапката за одземање на дозволата. Од таа причина, ја затвори 6 Јавна седница на Советот на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**